Врз основа на член 89 и 90 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ 42/20) и одредбите од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на РСМ“ 122/20), Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, како контролор, на ден 07.04.2023 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР НА**
**Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**

Член 1

Со правилникот за начинот за вршење на видео надзор се пропишуваат начинот на вршење на видео надзор во просториите на Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје кој се јавува во својство на контролор, како и техничките и организациските мерки кои се применуваат за обезбедување тајност и заштита на личните податоци преку вршење на видео надзор, рокот на чување на видео записите, начинот на бришење како и начинот на правење на сигурносна копија и права и обврски на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

Член 2

Видео надзор се врши преку 45 камери, поврзани со компјутер, поставени на влезот на административната зграда на Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, на влезот и во просториите на маркетот на Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, како и во магацинскиот простор во МЗТ, при што истите се поставени надвор, насочени кон влезните врати како и внатре во самите деловни простории, согласно цртежот со основи на кој е видлива поставеноста на камерите, а заради вршење на контрола на внесување и изнесување на робата сопственост на контролорот и како и пристап во објектот.

Во административната зграда и маркетот поставени се следните уреди за снимање:

- 15 камери – XUR 5116AN – S2 HDD 2TB HDD 1TB и
- 14 камери – XVR 5116AN – S2 HDD 2TB HDD 1TB

Со максимална резолуција 1920x1080

Снимениот материјал се брише од 12 до 30 дена, со заштита за влез со шифра;

Во магацинскиот простор МЗТ се поставени следните уреди за снимање:

- 16 камери - XUR 5116AN – S2 HDD 2TB

Со максимална резолуција 1920x1080

Снимениот материјал се брише од 10 до 20 дена, со заштита за влез со шифра.

Во маркет - горе се поставени:

- Камера 1 и 2 – BP624 2MP/920x1080 30IR внатр.

- Камера 3 – HD – N828 420TV4 500x582 IR-NO внарт.
- Камера 4 – BP624 2MP 1920x1080 IR-3OM внатр.
- Камера 5 – HD – N828 420 THC 500x582 IR-NO внатр.

Во маркет - бои/лакови/чешми/к. се поставени:

- Камера 1 – HDW 1200M 2MP 1920x1080 IR – 20M внатр.
- Камера 2 – HD – N828N 420TUL 500x582 IR-NO внарт.
- Камера 3 – BP-624 2MP 1920x1080 IR-50 внатр.
- Камера 4 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-50 внатр.

Во маркет – електрика се поставени:

- Камера 1 - HD – N828 420TUL 500x582 IR-NO внарт.
- Камера 2 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30 внатр.

Надворешни камери – магацин:

- Камера 1 – KPC 139 ZGP 520TUL 512x582 IR3
- Камера 2 - HD – 828N 420TUL 500x582 IR-NO
- Камера 3 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M
- Камера 4 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M
- Камера 5 - KPC 139 ZGP 520TUL 512x582 IR3 и
-
- Камера 6 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30 внатр.
- Камера 7 - KPC 139 ZGP 520TUL 512x582 IR3 внатр.

Административна зграда - ходник горе:

- Камера 1 – V-TCC 420TUL 500x582 IR-MO внатр.

Административна зграда – ходник доле - влез

- Камера 1 – HDW 1200M 2MP 1920x1080 IR – 30M

Продажен простор:

- Камера 1 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30м
- Камера 2 – FUM 9807 420TUL 500x582 IR – NO
- Камера 3 - FUM 9807 420TUL 500x582 IR – NO

Маркет – алат:

- Камера 1 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30м внатр.
- Камера 2 – HD BM511 420TUL 500x582 IR 30M внатр.
- Камера 3 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30м внатр.
- Камера 4 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30м внатр.
- Камера 5 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30м внатр.
- Камера 6 - BP-624 2MP 1920x1080 IR-30м внатр.

Магацин МЗТ:

- Камера 1 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M надвор.
- Камера 2 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M надвор.
- Камера 3 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M надвор.
- Камера 4 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M надвор.

- Камера 5 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M надвор.
- Камера 6 – FUM 9807 420TUL 500x582 IR-NO внатр.
- Камера 7 - FUM 9807 420TUL 500x582 IR-NO внатр.
- Камера 8 - FUM 9807 420TUL 500x582 IR-NO внатр.
- Камера 9 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M внатр.
- Камера 10 - FUM 9807 420TUL 500x582 IR-NO внатр.
- Камера 11 - FUM 9807 420TUL 500x582 IR-NO внатр.
- Камера 12 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M внатр.
- Камера 13 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M внатр.
- Камера 14 - BP-724 2MP 1920x1080 IR-50M внатр.
- Камера 15 - FUM 9807 420TUL 500x582 IR-NO надвор.
- Камета 16 - FUM 9807 420TUL 500x582 IR-NO надвор.

Поставеноста на секоја камера поединечно во секој простор конкретно е разработена и означена во графичкиот приказ, кој е составен дел на овој правилник.

Снимките од камерите се пренесуваат на персоналните компјутери во просторијата на самата локација, при што овластеното лице повремено и по потреба може да ја контролира состојбара на самиот објект во целина.

Снимките направени од видео надзорот се чуваат на персоналниот компјутер во просториите на самата локација.

Член 3

Видео надзор се врши со цел да се обезбеди:

- Заштита на сопственоста и
- Обезбедување на контрола на влегување и излегување од службените простории на Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Член 4

Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје на секоја 1 година ќе врши периодична оцена на постигнатите резултати од системот на видео надзор, а особено за:

- Понатамошна потреба од користењето на системот за вршење на видео надзор;
- Целта, односно целите за вршење на видео надзор;
- Можни технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор;
- Статистички показатели за пристапот до снимките направени од видео надзорот;
- Начинотна искористување на снимките.

  За извршената периодична оцена од став 1 на овој член Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор.

Член 5

Преку системот за вршење на видео надзорот се обработуваат следните категории на лични податоци:

- Физичкиот и физиолошкиот изглед на странките и посетителите кои влегуваат и излегуваат од просториите на Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје и
- Физичкиот и физиолошкиот изглед на вработените во Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Член 6

Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор и тоа:

1. Единствено корисничко име за секое овластено лице;
2. Лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
3. Корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до системот за видео надзор во целина или до поединечни апликации;
4. Автоматизирано одвојување од системот за видео надзор после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничко име и лозинка;
5. Автоматизирано отфрлање од системот за видео надзор после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка);
6. Софтверска заштитна мрежна бариера (фајервол) или рутер помеѓу системот за видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како и заштитна мрежа против недозволените или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
7. Приклучување на системот за видео надзор на енергетска мрежа, преку уред за непрекинато напојување.

Член 7

Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје ги обезбедува следните организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци, преку системот за видео надзор и тоа:

- Ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видео надзор, така што само овластени лица од страна на Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје може да имаат пристап до системот за видео надзор;

- Секое овластено лице има ограничен пристап до системот за видео надзорот, во однос симнување и снимање на видео записите;
- Уништување на видео записите по истекот на рокот за нивно чување;
- Почитување на техничките упратства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видео надзор;
- Секое сервисирање, редовно одржување или техничка поддршка на системот за видео надзор од страна на ангажирано трето лице врз основа на договор да се врши исклучиво во присуство на овластено лице за обработка на личните податоци во Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Вработеното лице кое ги врши работите за човечките ресурси го известува администраторот на информацискиот систем за вработување или ангажирање на секое овластено лице со право на пристап до системот за вршење на видео надзор, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучени за натамошен пристап.

Овластувањето од став 2 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус на ангажирањето на овластеното лице, што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информацискиот систем.

Член 8

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку сисемот за вршење на видео надзор Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје води евиденција , која ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на овластено лице;
- Датум и време на пристапување;
- Цел на пристапување;
- Датум и час на направена снимка до која се пристапува;
- Датум и време, назив и седиште на корисникот на кого е дадена снимката од видео надзорот;
- Вид на медиум во кој е содржана снимката на видео надзорот.

Член 9

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат лицата кои се овластени за вршење на контрола над влезовите во Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје и администратотрот на информацискиот систем.

Овластените лица од став 1 на овој член пред нивното отпочнување со работа или пристапот до системот за вршење на видео надзор, своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Образецот на изјавата од став 2 на овој член е составен дел на овој правилник.

Член 10

Снимките направени од видео назорот се чуваат на хард дискот на персоналниот компјутер, каде што пристап имаат само лицата овластени за контрола над видео надзорот и кои имаат потпишано изјави за тајност и заштита на личните податоци преку систем на видео надзор во Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат максимум 30 дена или пократко, зависно од движењата во просторот каде што се поставени, при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од хард дискот, на кој се чуваат.

Снимките од видео надзорот може да се чуваат и подолг временски период единствено ако е потребно согласно закон, но не подолго од исполнувањето на целта за која се продолжува рокот.

Член 11

На влезот на Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје на видливо и јасно место е истакнато известување дека се врши видео надзор кое содржи:

- Дека се врши видео надзор;
- За името на контролорот кој врши видео надзор и
- За начинот на кој може да се добијат информациите за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот на видео надзорот.

Известувањето од став 1 на овој член е составен дел од овој Правилник.

Член 12

За вршење на видео надзор се користи систем опишан во спецификацијата за опрема поставена во Друштвото за трговија и услуги МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје во прилог на овој Правилник.

Во системот на видео надзорот се пристапува од една работна станица и тоа преку персоналниот компјутер во просторијата на локацијата.

Член 13

Графичкиот приказ за поставеноста на системот за видео надзор, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзор, како и карта на локацијата на на местото каде што се поставени камерите се содржани во Планот кој е составен дел од овој Правилник.

Член 14

При обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор соодветно се применуваат и другите одредби од Правилникот за техничките и организациски мерки за обезбедување и заштита на обработката на личните податоци.

Член 15

Овој Правилник влегува на сила со денот на неговото донесување.

ДТУ МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител

------------------------------------------------
Весна Битракова